# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXXIX



Јуни 2026 г.

СОДРЖИНА

2 страна - **Активности на ENIL - повик „Наши животи, наши избори“**

3 и 4 страна - **Препораки на РЦПЛИП - ПОРАКА за самостојно живеење**

4 страна - **Работилница за евалуција на работата на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА**

5 страна - **Мултимедијален перформанс „Физика на радоста“**

6 и 7 страна - **Меѓународна конференција на ЕАСПД во Протугалија**

8 и 9 страна - **Европската комисија предлага нови мерки за борба против сиромаштијата**

10 - 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Посета на СУГС „Браќа Миладиновци “ - Скопје**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Јуни 2026 г. Број 2, год. XXXIX**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

**Подготовката, печатењето и дистрибуцијата на гласилото „ПОРАКА“ е финансиски поддржано од Министерството за социјална политика, демографија и млади**

## Активности на Европската мрежа за самостојно живеење

# Наши животи, наши избори:
## Повик за самостојно живеење низ цела Европа

Европскиот ден на самостојно живеење се одбележува на 5-ти мај секоја година. Овој ден претставува можност за лицата со попреченост да го бараат своето право на самостојно живеење, да делуваат за подигнување на свеста за бариерите со кои тие се соочуваат и да се солидаризираат со лицата кои живеат во институции и оние чии гласови не се слушаат.

Европскиот ден на самостојно живеење е прогласен од Одборот на Европската мрежа за самостојно живеење (ENIL) во 2014 година за да им даде можност на сите лица со попреченост и нивните сојузници да го бараат правото на самостојно живеење, да ја подигнуваат јавната свест за препреките со кои се соочуваат лицата со попреченост и да бидат солидарни со лицата кои живеат во институции и чии гласови не се слушнати.

Оттогаш, овој ден се одбележува низ цела Европа на разни креативни начини. Од јавни протести, до вебинари, конференции и состаноци со креатори на политики, уметнички изложби и кампањи под мотото „Горди, силни, видливи“. На 5-ти мај оваа година, лицата со попреченост низ цела Европа го одбележуваа овој ден со јасна и бескомпромисна порака до Европската унија и националните власти: **Нам не ни требаат стратегии! Нам ни треба да се применуваат правата, да се стави крај на сегрегацијата и сите лица со попреченост да ја имаат контролата врз сопствените животи!**

Низ цела ЕУ околу 90 милиони лица (приближно едно од четири лица) имаат некаков вид на попреченост. Сепак, милиони лица остануваат исклучени од основните права, вклучително и можноста да живеат самостојно и да бидат дел од заедниците. И покрај годините полни со изготвени стратегии, резолуции и програми за финансирање, лицата со попреченост низ цела ЕУ сѐ уште се сегрегирани, институционализирани и им се одзема контролата врз сопствениот живот. Правото на самостојно живеење, загарантирано со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, останува систематски прекршено.

ENIL, заедно со членовите и сојузниците низ цела Европа, го критикува континуираниот неуспех на ЕУ да ги претвори правата во реалност. Самостојното живеење не е опционално. Тоа е основно човеково право, а секојдневно се одзема низ цела Европска Унија.

### Системски неуспех кој влијае врз милиони лица

Според податоците на ЕУ, степенот на исклучување е неоспорен: најмалку 1,4 милиони луѓе во Европа сѐ уште живеат во институции, а нивниот број се зголемува наместо да се намалува. Лицата со попреченост имаат значително поголема веројатност да живеат во сиромаштија или социјална исклученост (28,4%) во споредба со лицата без попреченост. Само околу половина од лицата со попреченост се вработени, во споредба со околу три четвртини од лицата без попреченост. Слободата на движење е можна само на хартија, но не и во реалноста за милиони лица со попреченост.

Ова не се изолирани неуспеси. Тие се резултат на системски политики кои продолжуваат да даваат приоритет на контролата, сегрегацијата и недоволното инвестирање во поддршка базирана на заедницата.

### Деловна способност: враќање на контролата!

Оваа година, одлучивме европскиот ден на самостојно живеење да го посветиме на итната потреба од признавање на деловната способност, правото на лицата со попреченост да донесуваат одлуки за сопствениот живот. Низ цела Европа, многу лица со попреченост сѐ уште се ставени под старателство или слични режими што ги лишуваат од моќта за донесување одлуки. Има лица со попреченост кои не можат да гласаат, не можат да засноваат семејство, кои не можат да одлучуваат за сопствениот живот. Ова го прави самостојното живеење невозможно и ги крши нивните основни права.И покрај јасните обврски според Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, напредокот останува бавен и недоследен, а некои земји дури покажуваат и знаци на регресија.

## Препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Самостојно живеење и вклученост во заедницата за лицата со попреченост

Еден од најважните постулати на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е правото на лицата со попреченост на самостоен (независен) живот, со достапни квалитетни услуги за поддршка во секојдневието, и вклучување во сите сегменти на заедницата.

Во членот 19, Конвенцијата ги обврзува државите да го овозможат правото на лицата со попреченост да живеат во заедницата:

**(а) Лицата со попреченост имаат можност да го избираат своето место на живеење и каде и со кого ќе живеат, на еднаква основа со другите и не се обврзани да живеат во одредени организирани услови на живеење;**

**(б) Лицата со попреченост имаат пристап до широк спектар на домашни, резидентни и други сервисни служби за поддршка во заедницата, вклучувајќи лична помош која е неопходна за поддршка во секојдневното живеење и вклучување во заедницата, и да се спречи изолација или сегрегација од заедницата;**

**(в) Сервисните служби и капацитетите за општата популација се достапни за лицата со попреченост на еднаква основа и се соодветни на нивните потреби.**



Овие одредби на Конвенцијата, во нашата држава започнаа да се реализираат и пред нејзината ратификација во 2011 година. Деинституционализацијата и развојот на сервисни служби во заедницата се процеси кои во државата се спроведуваат од 2000 година, а РЦПЛИП – ПОРАКА е вклучена во оваа реформа од самиот почеток, создавајќи услови за превенција од институционализација и оформување на социјални сервиси - првенствено дневни центри за возрасни лица со интелектуална попреченост..

Во 2017 година, со силна поддршка од Делегацијата на Европската унија и агенциите на ОН, деинституционализацијата повторно беше актуализирана како еден од приоритетите во социјалната политика и реформа, иако во последните две години се воочува застој и послаб интензитет, делумно поради ефектите на пандемијата со КОВИД-19. Националната стратегија за деинституционализација „Тимјаник“ 2018 - 2027 ги формулира приоритетите во амбициозен акционен план, но поради лошото искуство со спроведувањето на претходната стратегија, постои голема загриженост за имплементацијата на преодот од институционална грижа во грижа во заедницата, особено при развојот на сервисните служби за поддршка кои би овозможиле самостојно живеење на лицата со попреченост.

Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 – 2030 година, во својата приоритетна област 4 се осврнува на самостојното живеење на лицата со попреченост, каде во четвртата посебна цел се наведува дека државата се стреми да обезбеди независен и самостоен живот на лицата со попреченост во заедницата. Оваа цел предвидува мерки за подобрување на условите и квалитетот за независен и самостоен живот во заедницата за лицата со попреченост, како што се поддршка на биолошките семејства на лицата со попреченост преку обезбедување на сервиси за поддршка во домот за семејството како и за лицето со попреченост, промоција на системот за згрижувачки семејства, поддршка на згрижувачките семејства во обезбедување на улогата згрижувач, развој и спроведување програми за семејно советување на семејствата со дете или возрасен со попреченост и родители со попреченост, унапредување на услугата за лична асистенција, како и едукација на лицата со попреченост и организациите на лица со попреченост тие да бидат даватели на услугата. Во националната стратегија, исто така, е предвидено формирање на центри за рехабилитација и хабилитација за осамостојување на лицата со попреченост, едукација и поддршка на лицата кои се деинституционализирани, за нивно интегрирање во заедницата.





## Препораки на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Препораки на РЦПЛИП – ПОРАКА за унапредување на самостојното живеење и вклученоста во заедницата на лицата со интелектуална попреченост**

- Потребно е да се осигура континуитет и стабилност на спроведувањето на процесот на деинституционализација и ефективна трансформација на големите резиденцијални институции преку имплементација на изработените планови за трансформација.
- Обезбедување одржливост на постојните сервисни служби за поддршка и да се продолжи со креирање на нови сервиси за поддршка, врз основа на реална процена на потребите на лицата со попреченост.
- Воспоставување нови видови на услуги со цел да се покријат празнините во понудата на сервиси на локално и/или регионално ниво: помош и нега во домот, одмена на семејна грижа, кризни центри, поддршка за лица кои имаат интензивна потреба за тоа. Личната асистенција како услуга да биде достапна и за лица со интелектуална попреченост.
- Подобрување на квалитетот и надградување на функцијата на постојните сервисни служби за поддршка (дневни центри, згрижување, мали групни домови и лична асистенција за лицата со попреченост).
- Потребно е да се развијат дополнителни методологии насочени кон лицето и да се обезбеди обука за персоналот во социјалните сервисни служби.
- Надополнување на регулаторните механизми со стандарди за квалитет, вклучително и процедури за мониторинг и евалуација.
- Воспоставување партнерство помеѓу обезбедувачите на сервисни служби од граѓанскиот сектор и државата – еднаков третман на сите даватели на услуги.
- Обезбедување поддршка на неформалното згрижување со цел да се спречи сместување во институции и овозможи намалување на стапката на институционализација.
- Зајакнување на децентрализацијата и улогата на единиците на локална самоуправа во реформата на системот за социјална заштита и обезбедувањето услуги во заедницата преку одржливо финансирање.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА за зајакнување на капацитетите и програмските активности на своите социјални сервисни служби

# Работилница за евалуација на програмата за работа во дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

Зајакнувањето на капацитетите и програмските активности на своите социјални сервисни служби – дневни центри за лица со интелектуална попреченост над 18 годишна возраст претставува една од приоритетните области на делување на РЦПЛИП – ПОРАКА. Во таа насока, РЦПЛИП - ПОРАКА постојано работи на унапредување и преструктурирање на својата програма за работа во дневните центри, следејќи ги современите практики, прилагодени на потребите на корисниците и нивните семејства.

Преструктуирањето на програмите за работа во социјалните сервисни служби произлезе од потребата да се стави поголем акцент на развивањето и задржувањето на практичните вештини и вештините за самостоен живот кај корисниците. Зајакнувањето на практичните вештини е особено важно за корисниците кои во изминатиот период останаа без своите родители, со цел да се овозможи нивно посамостојно функционирање во својот дом, со поддршка од поширокото семејство. Воедно, кај дел од корисниците на сервисните служби беше забележано и назадување во практичните вештини како последица од пандемијата и подолгото останувањето дома.

Како дел од програмските активности за стручно-методолошка поддршка и континуирано унапредување на работата на своите социјални сервисни служби, РЦПЛИП - ПОРАКА организираше и одржа еднодневна работилница за евалуација и унапредување на работата на дневните центри. Работилницата се одржа на 6-ти јуни 2026 година во просториите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш, а учествуваа сите вработени лица во мрежата на дневни центри на РЦПЛИП -ПОРАКА.

За време на работилницата се направи преглед на резултатите постигнати со воведувањето на преструктуираните програми за работа во дневните центри. Преку активни дискусии, учесниците разменија искуства и ги споделија предизвиците со кои се соочуваат во секојдневното работење. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, а и сите останати, даваа предлози за подобрување и унапредување на содржините и методите во функционирањето на дневните центри. Особено внимание беше посветено на изнаоѓање практични решенија за подобрување на поддршката што им се обезбедува на корисниците во дневните центри и нивните семејства.

Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи континуирано да дава поддршка на персоналот за успешно планирање и реализирање на програмите за работа во својата мрежа на сервисни служби.



## Континуирана соработка со Театар Пи

# Мултимедијален перформанс на Театар Пи „Физика на радоста“

**Во текот на 2026 година Центарот за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи“, во соработка со ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје, го реализираше мултимедијалниот концепт „Физика на радоста“ – уметнички процес што ги обедини театарот, музиката и фотографијата во заедничка потрага по радоста, емпатијата и човечката поврзаност.**

Инспириран од романот „Физика на тагата“ на Георги Господинов, проектот не претставува адаптација на книжевното дело, туку создавање нова приказна која произлегува од личните искуства, сеќавања и размислувања на учесниците. Во текот на целогодишните работилници, лица со типичен и атипичен развој заедно учеа, истражуваа и создаваа, поминувајќи низ сите фази на креативниот процес.

Првиот јавен настан во рамките на проектот се одржа на 4-ти април 2026 година во Центарот за култура Ѓорче Петров, каде беше претставена изложба на фотографии и концерт. Фотографиите беа создадени под менторство на фотографот Ладислав Кинг и претставуваа визуелни записи од личните лавиринти што секој човек ги носи во себе – стравови, надежи, спомени и копнежи. На концертот настапија лица со интелектуална попреченост, корисници на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје заедно со професионални музичари, покажувајќи дека уметноста е простор во кој различностите не се пречка, туку вредност.

Во периодот од 19 до 26 мај 2026 година, фотографската изложба „Физика на радоста“ беше поставена во Мала Станица – Национална галерија на Македонија. Делата беа создадени од лица со типичен развој, лица со интелектуална попреченост корисници на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје и членови на Театар Пи, како пример за тоа како уметноста може да создаде простор на доверба, разбирање и емпатија.

На 9-ти јуни во Центарот за култура Ѓорче Петров се одржа премиерата на театарската претстава „Физика на радоста“. Претставата, во режија и концепт на Златко Митрески и Македонка Илиевска Митреска, претставува современа театарска приказна за осаменоста, припадноста





и потрагата по смисла во свет исполнет со лични и колективни лавиринти. Преку актерска игра, музика во живо и документарна искреност, претставата ги отвора прашањата за стравот и надежта, тагата и радоста, реалноста и фантазијата. Во претставата учествуваа корисници на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАЈА во Скопје и членови на Театар Пи, кои преку двегодишен процес на уметнички работилници создадоа дело што сведочи за важноста на инклузијата во културата. Проектот покажа дека креативноста не познава граници и дека уметноста има моќ да создава заедници во кои секој човек е виден, слушнат и прифатен.

„Физика на радоста“ не е само наслов на проект, туку порака дека радоста се создава тогаш кога луѓето се среќаваат, се разбираат и заедно создаваат. Токму затоа овој проект претставува значаен придонес кон развојот на инклузивните културни практики и кон поголемото учество на лицата со интелектуална попреченост во јавниот и културниот живот.



## Активности на ЕАСПД

# Меѓународна конференција на ЕАСПД

## Водење на промените во сервисните служби за лица со попреченост: Зајакнување на капацитетите за поддршка насочена кон лицата со попреченост

Сервисните служби за поддршка на лицата со попреченост низ Европа, па и пошироко, ќе продолжат да се соочуваат со зголемен притисок да одговорат на сложените социјални, економски и организациски предизвици. Обезбедувачите на сервисни служби ќе треба да се прилагодат на општеството што се менува, а воедно и да обезбедат поддршката да остане цврсто вкоренета во принципите на човековите права и самоопределувањето.

Организациските промени ќе бидат од суштинско значење. Од сервисните служби за лица со попреченост ќе се бара да го зајакнат својот капацитет за обезбедување поддршка насочена кон лицето, поддршка во местото на живеење преку модернизирање на моделите на управување и менаџмент, подобрување на организациската ефикасност и прифаќање на дигитализацијата, одржливоста и меѓусекторската соработка.

Во овој контекст, ЕАСПД и Хуманитас (Португалска федерација за интелектуална попреченост) беа домаќини на меѓународна конференција „Водење на промените во сервисните служби за лица со попреченост: Зајакнување на капацитетот за поддршка насочена кон лицето“ во Порто, Португалија на 14-ти и 15-ти мај 2026 година. Конференцијата ги собра лидерите и професионалците во областа на сервисни служби за лица со попреченост, на која се истражуваа можностите како да се водат значајни и одржливи организациски промени.

Во текот на двата дена, учесниците испитаа како сервисните служби за поддршка на лица со попреченост можат да ги преиспитаат своите модели на поддршка и ефективно да одговорат на сегашните и идните предизвици. Програмата ги истражи стратегиите за модернизација на организациските структури, зајакнување на лидерството и сервисните служби за поддршка во справувањето со недостигот на персонал и финансиските притисоци, додека одржува силен фокус на инклузија и пристапи во местото на живеење.

Конференцијата се отвори со воведна сесија насловена како „Водење на промените во сервисните служби за лица со попреченост“, модерирана од Томас Бигнал, Генерален секретар на ЕАСПД, а Барбара Мерил од Американската мрежа на опции и ресурси во заедницата (ANCOR), САД, го имаше воведното обраќање нудејќи меѓународна перспектива за лидерството, трансформацијата и иднината на сервисните служби за поддршка на лицата со попреченост.

Програмата е дизајнирана да комбинира стратешки дискусии со многу практични работилници. Во текот на двата дена, учесниците бираа работилници што опфаќаат развој на лидерство, менаџмент на работна сила, финансиска одржливост, комуникации, управување, отпорност и дигитална трансформација.

Една од воведните работилници, на учесниците им овозможи да се запознаат со методите на LEGO Serious Play, како алатка за развој на лидерство и зајакнување на тимот. Интерактивната сесија ги поттикна професионалците да размислат за сопствените стилови на лидерство и да истражат како организациите можат подобро да ги искористат индивидуалните силни страни во периоди на промени и неизвесност.

Друга работилница се фокусираше на пристапите на подучување засновани на силните страни на работното место, покажувајќи им на менаџерите како помагањето на персоналот да ги идентификува и да ги гради своите лични силни страни може да ја подобри добросостојбата, соработката и севкупните организациски перформанси. Оваа сесија директно реагира на зголемените притисоци со кои се соочува персоналот што работи во сервисните служби за лицата со попреченост низ цела Европа.

Финансиската одржливост беше централната тема во текот на целата конференција. Неколку работилници се осврнаа на предизвикот за одржување на квалитетни сервисни служби во средина обележана со растечки трошоци, развојни модели на финансирање и зголемена побарувачка за поддршка. Учесниците дискутираа како посилната внатрешна координација и меѓусекторска соработка можат да ја подобрат финансиската ефикасност, а воедно разгледаа и иновативни стратегии за собирање средства и поразновидни модели на финансирање.






## Активности на ЕАСПД

Човечките ресурси и организациската култура, исто така, беа истакнати. Работилниците истражуваа стратегии за справување со недостигот на персонал, промовирање на родовата еднаквост и подобрување на рамнотежата помеѓу работата и приватниот живот на вработените во сервисните служби за поддршка на лица со попреченост. Друга работилница за различноста, еднаквоста и инклузијата истражија како инклузивните организациски култури можат да ја зајакнат психолошката безбедност, да ги подобрат тимските перформанси и да ја поддржат добросостојбата на персоналот.

Дигиталната трансформација беше уште една главна тема на агендата. Бидејќи организациите на лица со попреченост сè повеќе прифаќаат нови технологии и дигитални системи, една од работилниците се фокусираше на тоа како лидерите можат да ги водат дигиталните промени на начини што навистина ќе ја подобрат поддршката насочена кон лицето и работните процеси на персоналот. Сесијата ја нагласи важноста од вклучување на персоналот, корисниците и чинителите во обликувањето на значајните процеси на дигитална трансформација.

Конференцијата, исто така, ја истакна сè поголемата важност на комуникацијата, застапувањето и ангажирањето на јавноста. Работилниците истражија како организациите можат да изградат доверба со заедниците и локалните власти, да ги зајакнат партнерствата и да создадат кампањи што го привлекуваат вниманието на јавноста и влијаат врз креаторите на политики. Една работилница, насловена како „Престанете да правите смисла: Креативни комуникации за да бидете забележани", ги охрабри учесниците да се придвижат подалеку од традиционалните пристапи за застапување и да ја користат креативноста и раскажувањето за да испратат посилни пораки.

Вториот ден од конференцијата особен нагласок даде на владеењето (управувањето) и долгорочната организациска одржливост. Учесниците дискутираа за тоа како силните рамки за управување можат да им помогнат на обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост да останат усогласени со принципите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, а воедно да продолжат ефикасно да реагираат на оперативните и финансиските притисоци.

На конференцијата беа претставени две големи панел дискусии на кои говореа претставници на меѓународни организации, обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост и групи за застапување.




Првиот панел, „Лидерство подготвено за иднината: Вградување вредности во сервисните служби насочени кон лицето", разгледа како лидерите можат да ги преведат основните вредности во секојдневната практика и да создадат организации способни да обезбедат поддршка заснована на правата во време на промени.

Вториот панел, „Преиспитување на финансиските стратегии за поддршка насочена кон лицето", се фокусираше на тоа како организациите можат да ги усогласат финансиското планирање и инвестициските одлуки со нивните вредности, а воедно да обезбедат долгорочна одржливост. Говорниците дискутираа за стратегии за проширување на изворите на приходи, зајакнување на финансиската отпорност и обезбедување одлуките за буџетирање да продолжат да поддржуваат инклузивни сервисни служби насочени кон лицето.

Говорејќи на конференцијата, Кирси Конола, претседателка на ЕАСПД, истакна: „Обновената Европска стратегија за лица со попреченост поставува важна визија за поинклузивна Европа. Сервисните служби за лица со попреченост се неопходни за да се претвори оваа визија во реалност. За ова да се направи, потребна ни е храброст, соработка, финансиска одржливост и современи рамки за работна сила што го поддржуваат и го вреднуваат персоналот. Токму ова се приоритетите што ги истражувавме овие неколку дена".

Генералниот секретар на ЕАСПД, Томас Бигнал, додаде: „Секторот на сервисни служби за лица со попреченост нема да чека за промената да се случи; тој веќе ги движи. Обезбедувачите на сервисни служби низ Европа ја редизајнираат поддршката околу она што лицата го сакаат и што им е потребно во секојдневниот живот. Предизвикот сега е да се обезбеди Европските и националните политики да креираат услови на секое ниво што ја олеснуваат наместо да ја попречуваат оваа трансформација."

Како што сервисните служби за лицата со попреченост продолжуваат да се развиваат, конференцијата обезбеди и вредна можност за вмрежување и навремен форум за дискусија за тоа како организациите можат да се адаптираат, да иновираат и да останат одржливи, а воедно да ги задржат правата и потребите на лицата со попреченост во центарот на нивната работа.

Конференцијата ги разгледа и законските и политичките рамки на меѓународно и национално ниво што ги обликуваат сервисните служби за поддршка и влијаат на организациските промени. Дискусиите разгледаа како политиките можат да им овозможат на сервисните служби да воведуваат иновации, да соработуваат меѓу секторите и подобро да ги поддржуваат лицата со попреченост, нивните семејства и неформалните лица кои се грижат за нив.

На конференцијата „Водење на промените во сервисните служби за лица со попреченост: Зајакнување на капацитетот за поддршка насочена кон лицето" учествуваа Д-р. Василка Димоска Де Јонг, Генерален секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА и м-р Владо Крстовски, Програмски менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА.

Програмскиот менаџер, како член на Управниот одбор на ЕАСПД, учествуваше на состанокот на Управниот одбор, а заедно со Генералниот секретар, учествуваа и на седницата на Генералното Собрание.

## Активности на Европската комисија

# Европската комисија предлага нови мерки за борба против сиромаштијата и подобрување на животот на лицата со попреченост

**Европската комисија на 6-ти мај 2026 година презентираше храбар социјален пакет за помош во ставањето крај на сиромаштијата во ЕУ и да ги зајакне правата на лицата со попреченост. Пакетот вклучува четири клучни иницијативи со трансформативен потенцијал за лицата со попреченост и нивните мрежи за поддршка. Причините за овие пакети се многубројни. Луѓето низ Европа се под притисок поради кризата со домувањето и брзорастечкиот пазар на трудот. Половина од Европејците велат дека трошоците за живот се нивна најголема загриженост. И покрај тоа што најранливите групи се најмногу погодени, дури и домаќинствата со средни приходи се во сè поголем ризик да потпаднат во финансиска несигурност.**

**Денес, еден од пет Европејци се во опасност од сиромаштија или социјална исклученост.** За децата, ризикот е уште поголем, односно едно од четири деца. Ова ги прави и спречувањето на сиромаштијата и заштитата на овие кои се во ризик од сиромаштија уште поитни од кога било.

Дополнително, треба да се направи повеќе за да се заштитат правата на ранливите групи граѓани. Тоа ги вклучува и правата на лицата со попреченост кои мора целосно да се реализираат во секој аспект од животот, градејќи врз напредокот постигнат во последните години.

Социјалниот пакет вклучува:

- **Прва Стратегија на ЕУ за борба против сиромаштија – план на Комисијата да помогне во ставање крај на сиромаштијата во ЕУ до 2050 година;**
- **Предлог за Препорака на Советот за борба против исклучување од домувањето;**
- **Комуникација за кршење на циклусот на детска сиромаштија – зајакнување на Европската гаранција за детето;**
- **Комуникација за подобрување на стратегијата за правата на лицата со попреченост до 2030 година.**

## Сеопфатен пристап во борбата против сиромаштијата (Стратегија на ЕУ за борба против сиромаштија)

Стратегијата на ЕУ за борба против сиромаштијата поставува јасна патека кон постигнување на целите на ЕУ за намалување на бројот на лица кои се во ризик од сиромаштија и социјално исклучување до најмалку 15 милиони до 2030 година, како и помагање да се стави крај на сиромаштијата до 2050 година. Стратегијата интегрира три приоритети:

- **Квалитетни работни места за сите, бидејќи квалитетното вработување е првиот излез од сиромаштијата за оние кои можат да работат;**
- **Ефективен пристап до квалитетни сервисни служби и адекватни приходи за поддршка;**
- **Координирана акција против сиромаштија.**

Со пристап на животниот циклус, Стратегијата има за цел да го прекине интегративниот циклус на сиромаштија. Од раното детство до зрелоста и стареењето, таа поставува цели и иницијативи кои имаат потенцијал да ги поддржат лицата со попреченост во пристапот до образование и можности за вработување, но исто така и квалитетна грижа, меѓу другото, и со тоа да придонесат за извлекување на оваа група од сиромаштија.

## Борба против исклучување од домувањето (Препорака на Советот за борба против исклучување од домувањето)

Најосновниот услов за достоинствен живот е место кое ќе го нарекуваме дом. Сепак, денес, многу лица со борат да си дозволат дом. Од 2013 година, цените на куќите се зголемија за 60% низ цела ЕУ: Ова, исто така, несразмерно влијае врз најранливите: едно од три лица во ризик од сиромаштија се соочува со преоптоварување на трошоците за домување. Скоро 17% од населението во ЕУ живее во пренатрупани услови за домување, а приближно 1 милион лица се погодени од некој облик на бездомништво.

Токму од овие причини, четвртата иницијатива е Предлог за препорака на Советот за борба против исклучувањето од домување. Оваа иницијатива е една од клучните активности во рамките на Европскиот план за прифатливо домување и вклучува препораки за земјите-членки во врска со идентификување на лицата кои се соочуваат или се изложени на поголем ризик од исклучување од домување, превенција, поддршка за лицата кои се бездомни и пристап до соодветни и безбедни решенија за домување.

Предложената Препорака на Советот за борба против исклучувањето од домување го поместува фокусот од скапите итни мерки кон долгорочни решенија и превенција, вклучувајќи:

- **Рани интервенции за да се идентификуваат домаќинствата кои се во ризик и да се спречува исклучување од домување и бездомништво.**
- **Стабилни решенија за домување на бездомните лица.**

## Активности на Европската комисија

- **Повеќе социјални и достапни со цена домувања преку јавни инвестиции, непрофитно домување и таргетирано финансирање.**
- **Пристап насочен кон лицето за да им се помогне на лицата брзо да најдат стабилен дом и да им се обезбеди потребната интегрирана асистенција за да го задржат домот на долг рок.**

### Борба против детската сиромаштија и циклусот на неповолни ситуации (Зајакнување на Европската гаранција за детето)

Децата во ЕУ се во поголем ризик од сиромаштија или социјално исклучување отколку возрасните и ова не е значително подобрено во последните пет години. Последиците од растењето во сиромаштија се сериозни и долготрајни – речиси го дуплира ризикот од сиромаштија во зрелоста.

Објавена во 2021 година, Гаранцијата за детето е главната алатка на ЕУ за борба против детската сиромаштија и социјалната исклученост. Таа има за цел да обезбеди пристап до основни сервисни служби за децата кои имаат потреба од нив, вклучувајќи ги и децата со попреченост и оние кои живеат во алтернативни сервисни служби за грижа. Оваа нова комуникација предложи нови иницијативи кои имаат потенцијал дополнително да ја зголемат благосостојбата и вклученоста на децата со попреченост и нивните семејства.

За да се постигне тоа, Комуникацијата се фокусира на три столба:

- **Да се обезбеди пристап на семејствата до квалитетни работни места, детска грижа и силни безбедносни мрежи.**
- **Да се осигура дека сите ранливи деца имаат пристап до сервисните служби што им се потребни за да го постигнат својот целосен потенцијал, вклучително и заштита на децата од растечките закани по нивната безбедности и добросостојба, како онлајн така и офлајн.**
- **Зголемување на инвестициите и здружување на партнери за инвестирање во децата.**

### Унапредување на Стратегијата за правата на лицата со попреченост до 2030 година

Попреченоста нè засега сите нас. Околу 90 милиони лица во ЕУ живеат со попреченост – над еден во пет Европејци. Обезбедувањето на нивното целосно учество во општеството претставува прашање за почит на основните права, а истовремено ја поттикнува конкурентноста, отпорноста и демократската сила во Европа.

На половина од Стратегијата, која го опфаќа периодот од 2021 до 2030 година, оваа комуникација предлага нови активности, чија главна цел е да се обезбеди вклучување на лицата со попреченост и да се почитуваат нивните права.

Меѓу многуте области опфатени со стратегијата се вработувањето, самостојниот живот, пристапната поддршка во заедницата, достапно со цена и пристапно домување, инклузивното образование, пристапот до здравствена заштита, но и правото на уживање во уметноста, културата и спортот.

Во последниве години постигнат е напредок, но сè уште постојат препреки:

- **Само половина од лицата со попреченост учествуваат на пазарот на трудот.**
- **1,4 милиони лица со попреченост сè уште живеат во институционални средини, спротивно на преземените обврски од страна на Европската унија и нејзините членки, согласно Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.**
- **Едно од три лица со попреченост останува во ризик од сиромаштија и социјално исклучување.**

Дискриминацијата кон лицата со попреченост во различни области од животот носи значителни финансиски економски трошоци, со проценети годишни загуби на БДП кои се движат од 840 милиони евра до 1,42 милијарди евра во Европската унија.

Денес, Европската комисија ја подобрува Стратегијата за правата на лицата со попреченост до 2030 година, ја ажурира и ја засилува својата амбиција со посилен фокус на имплементација на терен и вистинско влијание врз животот на лицата со попреченост.

Стратегијата се фокусира на:

- **Да ги направи правата реалност: воведување на Европската картичка за лица со попреченост и Европската картичка за паркирање за лица со попреченост, подобрување на пристапноста низ сите видови транспорт и поддршка на подостапни и инклузивни демократски процеси, вклучувајќи ги и европските избори во 2029 година**
- **Оспособување на лицата со попреченост да живеат самостојно и целосно да учествуваат во општеството: започнување на Алијанса на ЕУ за помош при создавање центри за самостојно живеење со финансирање од ЕУ, заедно со активности за инклузивно образование и вработување, како и обука за зајакнување на подготвеноста за вонредни состојби**
- **Вклучување надвор од границите на ЕУ: зајакнување на вклучувањето на лицата со попреченост во надворешни активности и финансирање, вклучително и во реконструкцијата на Украина.**

### Следни чекори

Комисијата ќе ги поддржи сите актери во спроведувањето на Стратегијата на ЕУ против сиромаштијата и зајакнатата Европска гаранција за детето.

Земјите членки ќе го разгледаат предлогот на Комисијата за Препорака на Советот за борба против исклучувањето од домување за негово усвојување од страна на Советот.

Комисијата ќе објави ажурирана рамка за следење на стратегијата за правата на лица со попреченост 2021 – 2030 година, која ќе ги одразува новите водечки иницијативи и активности согласно подобрената стратегија.

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш редовно се реализираа во изминатиот период. Кон крајот на март за прв пат се реализираше соработка со камп „Божилак“, граѓанска иницијатива која дава поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства. При посетата се реализираа интерактивни работилници на кои корисниците преку музика, игра и изработка на сувенири ја испратија пораката дека се важен дел од заедницата, дека имаат таленти и способности и дека заслужуваат еднакви можности и почит за нивната различност. Посебно значајна беше и средбата со родителите на која тие имаа можност да ги споделат своите животни искуства, предизвици, но и успеси во грижата за своите деца. Родителите уште еднаш ја искажаа важноста на дневниот центар како сервисна служба која обезбедува поддршка и можности за напредок на нивните деца.

На почетокот на април се реализираа неколку активности поврзани со Велигденските празници. На 9-ти април, корисниците на дневниот центар ги израдуваа претставници од ДОО Маком Маја дисконти, заедно со препознатливата маскота Зелената детелинка и г-н Олег Бојаџиев кои донесоа велигденски подароци. На 15-ти април во дневниот центар дојдоа претставници на здружението „Хоуп“ и донираа прехранбени производи собрани со поддршка на хумани граѓани и компании од општина Радовиш. Донацијата ќе биде искористена во практичните активности што се спроведуваат во дневниот центар. Исто така, корисниците добија и вредносни ваучери за лични потреби. Кон крајот на април се реализираа и две интересни активности. Едната од нив беше работна еколошка акција за уредување на дворното место и подготовка за садење цвеќиња. Млади волонтери од различни земји здружени во организацијата „Млади со мисија“ заедно со корисниците од дневниот центар го средуваа дворот, собираа ѓубре, копаа и косеа трева. На 24-ти април, пак, дневниот центар го посетија волонтери од Шведска, кои заедно со корисниците садеа цвеќиња во дворот.

На почетокот на мај, поточно 6-ти мај, на покана на семејствата на два корисници во дневниот центар на





РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш кои живеат во с.Подареш, сите корисници и нивните родители беа нивни гости по повод верскиот празник Ѓурѓовден, кој е празник на целото село. Посетата беше можност да се ужива во убавините и да се запознае секојдневието на живеење во село.

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп во изминатиот период се реализираа редовно и согласно со предвидената програма. Во неколку наврати студенти од Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот факултет во Скопје, реализира студентска практика во дневниот центар и активно беа вклучи во активности и работилници.

По повод празнувањето на големиот Христијански празник Велигден, во дневниот центар се реализираа различни активности за изработка на декоративни украси, храна и традиционално вапцување велигденски јајца. На првиот петок по Велигден кој е посветен на страдањето на Исус Христос, а кај народот познат како Голем Петок направивме посета на манастирот св.Арахангел Михаил. Манастирот е сместен во најстарата прилепска населба Варош, а локалните жители од оваа населба празникот Голем Петок го празнуваат како куќна слава. Во средина на месец април, корисниците беа почесни гости на 24-тата



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА



регионална ревија на традиционални песни, ора и игри организирана од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. На 29–ти април по повод 1 Мај, Денот на трудот, се реализираше едукативен и рекреативен пикник на вештачкото езеро во Прилеп. Корисниците имаа задача самостојно да изберат продукти до одредена сума и да донесат дополнителни реквизити потребни за пикник.

Во текот на месеците април и мај во неколку наврати се реализираа активности за обработка и подготовка на почва за садење цвеќиња со расејување семе и засадување со корен. Паралелно со овие активности, започнаа и активностите за наводнување на растенијата, корнење трева и активности за одржување на дворното место. По повод роденденот на наставничката Вера Попоска која е долгогодишна соработничка на дневниот центар, реализиравме активност за купување роденденски подарок, а на 14-ти мај во пријатна атмосфера во локален бар го прославивме роденденот.

### Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје продолжуваат да ги реализираат програмските активности во изминатиов период. Кон крајот на месец март, корисниците од дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во населбата Капиштец присуствуваа на заедничка работилница со студенти од студиите по скулптура и трансмедиумски практики при Факултетот за ликовна уметност во Скопје, каде што изработуваа првоаприлски маски од комбинирани материјали и техники. Корисниците од истиот дневен центар беа присутни на патронатот на ООУ „Јан Амос Коменски“ и со истото училиште имаа заеднички активности во Општествената градина „Бостание“. На работилницата беше присутно и одговорно лице од градината кој преку кратко предавање го објасни концептот за органска урбана градина.

Почетокот на април го одбележаа активности по повод Велигденските празници. На 7-ми април во просториите на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Капиштец беше одржана работилница со ученици од ООУ „Киро Глигоров“ при што се изработуваа велигденски декорации, додека на 9-ти април во просториите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Аеродром се одржа заедничка работилница со ученици од СУГС „Браќа Миладиновци“ на која се вапцаа велигденски јајца и се изработуваа велигденски декорации.



На 7-ми април, по повод Светскиот ден на здравјето, корисниците од дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Аеродром реализираа прошетка покрај кејот на реката Вардар. Група корисници од овој дневен центар на 22-ри април, по повод Светскиот ден на книгата и авторското право, го посетија штандот на ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ на улица Македонија.

Во текот на овие месеци активностите во општествената градина „Бостание“ продолжија со група од корисници од двата дневни центри и родители кои ја започнаа пролетната сеидба и одржувањето на леите. На почетокот на мај во „Бостание“ беа организирани и заеднички работно-окупациони активности со корисниците од дневниот центар за церебрална парализа и корисниците и едукаторите од дневниот центар во Капиштец. На 8-ми мај, на покана на ООУ „Љубен Лапе“, корисниците од дневниот центар во општина Аеродром се вклучија во акцијата „Генералка викенд“ за собирање отпад во училишниот двор, додека на 15-ти мај дел од корисниците на овој дневен центар учествуваа на работилница во просториите на ООУ „Александар Македонски“ по повод Меѓународниот ден на семејството каде што изработуваа семејно стебло.

На почетокот на јуни, корисниците на двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје имаа можност да го посетат средното ветеринарно училиште СУГС „Браќа Миладиновци“, каде што имаа можност да се запознаат со нивната ботаничка градина и мини зоолошка градина.

Најмалку еднаш неделно корисниците од двата дневни центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје учествуваа во рециклирање на пластична амбалажа на вендинг машините на „Пакомак“.



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

Од втората половина на месец март до почетокот на месец јуни оваа година, корисниците на двата дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје беа вклучени во низа активности со долгогодишните соработници од Центарот за изведувачки уметности и едукација „Театар Пи“. Активностите може да се поделат во два дела, односно креативни музички работилници во кои беа вклучени нивни надворешни соработници и членови на Музичката младина на Македонија, со цел подготовка за музички перформанс кој се одржа на 4-ти април година во просториите на Центарот за култура во Ѓорче Петров. Другиот тип на работилници, односно актерски проби, беа за потребите на новата театарска претстава наречена „Физика на радоста“, чија премиера се одржа на 9-ти јуни, исто така, во Центарот за култура во Ѓорче Петров.

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип изминатиов период реализираше низа активности согласно својата програма за работа. Кон крајот на март во посета на дневниот центар беа членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица и заедно со корисниците одржаа работилница по повод денот на пролетта, а исто така подготвија и едноставен оброк. На 25-ти март се реализираше првата работилница на која преку заедничко зелено застапување за заштита на животната средина, корисниците на дневниот центар заедно со учениците од ООУ „Ванчо Прке“, а со помош на едукаторите и наставниците изработија ветерници кои ќе бидат поставени на летниковец, а ќе бидат изложени во СОУ „Димитар Мирасчиев“.

Месец април започна со активности по повод велигденските празници. На 8-ми април со соработка со Adient Seating Shtip, традиционално се реализираше заедничка работилница на која се украсуваа велигденски јајца. На 8-ми и 9-ти април се одржаа работилници и со ученици од четврто одделение при ООУ „Гоце Делчев“ на кои се изработуваа восочни фигури кои потоа беа подарени на ученици од истото училиште. На 22-ти април, по повод денот на планетата Земја, во СОУ „Димитар Мирасчиев“ се реализираше активност на која учествуваа и корисниците на дневниот центар. Преку лични изработки, секој учесник даде свој придонес во уредувањето и украсувањето на мини парк под мотото „Можам јас, можеш ти, можеме






заедно за здрава животна средина“. Истиот ден, во рамки на попладневната програма на МТВ 1, беше емитуван прилог посветен на работата и активностите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип. Темата на емисијата беше фокусирана на значењето на социјалната инклузија, при што беше истакната улогата на дневниот центар во подобрувањето на квалитетот на живеење на корисниците и нивната интеграција во заедницата. На 26-ти април се одржа трка во организација на Superior Global Services со поддршка од општина Штип. Традиционално и оваа година корисниците со поддршка од нивните родители/старатели зедоа учество како волонтери и поддржувачи.

На почетокот на месец мај се реализираше еднодневна екскуризија за време на која се посетија знаменитости во Радовиш, се реализираа слободни активности во Дојран, а се посети и Мега шопинг паркот во Гевгелија. Екскурзијата беше организирана и поддржана од Заедницата на инвалидски организации – Штип, каде ЦПЛИП – ПОРАКА Штип е една од организациите членки. Во рамки на проектот ЦКА – ПХВ „Силна Порака“ се донираше телевизор за потребите на дневниот центар. Донацијата е обезбедена преку настани организирани околу денот на пролетта, на кои беа изложени украси претходно изработени на заеднички работилници. Како резултат на долгогодишната соработка со м-р Васка Здравкова од Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“, дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип е вклучен во научен труд на тема: „Корективните игри како фактор за подобрување на благосостојбата, менталното здравје и чувството на припадност кај лица со интелектуална попреченост“.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Изминатиов период активностите со социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола редовно се реализираа. Во текот на април месец, во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола се реализираа бројни активности насочени кон развојот, креативното изразување и социјалната вклученост на корисниците. Преку креативни и работно-окупациони работилници, корисниците имаа можност да ја развиваат фината моторика, концентрацијата, работните навики и чувството на одговорност, но и да ја изразат својата креативност преку цртање, боење и изработка на ракотворби.

## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА





Посебно внимание беше посветено на одбележувањето на најголемиот христијански празник Велигден. Во празнична атмосфера се одржаа повеќе тематски работилници, на кои корисниците изработуваа декоративни велигденски украси, ликовни творби и традиционално вапцаа велигденски јајца. Во рамки на празничните активности, корисниците присуствуваа и на велигденска литургија во храмот „Св. Богородица“ – најстарата црква во Битола.

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола активно се вклучи и во културниот живот на градот. Во соработка со НУ Центарот за култура – Битола, корисниците изработија 13 слики на платно, кои беа подарени на учесниците на Интернационалниот фестивал на монодрама „Огледало на вистината. Ова претставуваше значајно признание и посебна чест за корисниците, кои преку својата креативност добија можност активно да бидат дел од еден значаен културен настан. Дел од нив присуствуваа и на претставата за затворање на фестивалот, што дополнително придонесе за зајакнување на чувството на припадност и активно учество во заедницата.

Преку различни музички работилници реализирано во текот на мај, корисниците имаа можност да слушаат, учат и запишуваат македонски народни и забавни песни. Паралелно со музичките активности, се реализираа и работилници за читање и пишување. Работилниците придонесоа за одржување на стекнатите знаења, поттикнување на интересот за учење и зајакнување на самодовербата кај секој корисник.

Во текот на мај се реализираше и еднодневна екскурзија во Охрид, организирана во рамките на активностите за социјална инклузија. Корисниците го посетија археолошкиот локалитет Плаошник, каде се запознаа со дел од богатото културно и историско наследство на градот. Со големо внимание ги следеа информациите и покажаа искрен интерес за значењето на локалитетот и неговата улога во македонската историја. Посетата на манастирскиот комплекс Свети Наум беше исполнета со пријатна атмосфера, дружење и заеднички активности.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница редовно се реализираа во изминатиов период. Во текот на месец април беа реализирани повеќе когнитивно-едукативни, практични и социјални активности со лицата со интелектуална попреченост. Во пресрет на велигденските празници се одржаа разговори за значењето на празниците, традициите и обичаите, а беа реализирани и повеќе креативни работилници во соработка со ученици од СОУ „Ванчо Прќе“, кои воедно се и волонтери во младинската организација на Црвен крст Виница.

Корисниците изработуваа цртежи со велигденски мотиви, ракотворби, украси и кошници за велигденски јајца, а со голем интерес учествуваа и во варење и вапцањето на велигденски јајца.

Во празнична атмосфера се реализираа и забавни активности, како усно броење на јајца и избор на најцврсто велигденско јајце, а во соработка со волонтерите од Црвен крст беше организиран Велигденски базар, на кој беа изложени изработките создадени на креативните работилници.

Во текот на месецот беше одбележан и 22 Април – Денот на планетата Земја. Преку разговори и креативни активности корисниците ја истакнаа важноста на грижата за животната средина и улогата на секој поединец во зачувувањето на природата. Беа изработени и цртежи со мотиви од планетата Земја. Посебен акцент беше ставен и на активностите за одржување лична хигиена, како и на разговорите за значењето на хигиената за здравјето. Корисниците раскажуваа за секојдневни настани, празнични прослави и интересни моменти што оставиле впечаток кај нив, со што се поттикнуваше комуникацијата и социјалната интеракција.



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА





И во месец мај продолжија предвидените програмски активности. Се реализираа неколку работилници за одбележување на месецот на психолошкото здравје. Преку разговори и интерактивни активности корисниците разговараа за чувствата, меѓусебното почитување и начинот на кој сакаат другите да се однесуваат кон нив. Се говореше и на теми поврзани со навредите, повредените чувства и начините на справување со непријатни ситуации. Во текот на мај се одбележаа и неколку значајни датуми. Преку разговор и креативна работилница се одбележа 15-ти мај, Меѓународен ден на семејството. По повод денот на пожарникарите, корисниците на социјалниот клуб се запознаа во улогата на пожарникарите, како и со правилното однесување во случај на пожар. Се одбележа и денот на Сесловенските просветители, Свети Кирил и Методиј на која се изработуваа буквите од азбуката.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија изминатиов период се реализираа согласно предвидените програмските активности. Месец април започна со одбележување на Денот на шегата, а во соработка со волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Гевгелија беа изработени првоаприлски маски.

На 4-ти април корисниците присуствуваа на хуманитарната изложба на ретро предмети во уметничката галерија „Амам“, организирана од младите волонтери вклучени во програмата на Црвениот крст, ЦКА-ПХВ. Дел од средствата собрани од продажба на влезниците беа наменети за потребите на социјалниот клуб.

Во пресрет на Велигден беа реализирани повеќе тематски работилници за изработка на украси и декорации, а на 9-ти април во Пионерскиот дом во Гевгелија, се одржа хуманитарна велигденска работилница на која заедно со волонтери од Црвениот крст во Гевгелија корисниците вапцаа велигденски јајца, изработуваа корпи и уживаа во дружењето. Исто така во соработка со Црвениот крст, на 25-ти април се спроведе хуманитарен базар на кој се продаваа подготвени закуски по симболични цени. Собраните средства ќе бидат искористени за набавка на материјали за работа во социјалниот клуб.



Во текот на месец мај, се одржаа работилници на различни теми. На 5-ти мај беше одбележан денот на Македонската азбука, при што корисниците ги изработија буквите од своите имиња. Пролетта беше инспирација за низа креативни работилници на кои корисниците ги изразуваа своите ликовни и творечки способности користејќи најразлични материјали, а убавото пролетно време се искористи и за прошетка до Негорски Бањи.

Дел од корисниците на социјалниот клуб присуствуваа на настан по повод Светскиот ден на пчелата, организиран од Пчеларската фарма „Алчинов“, под покровителство на општина Гевгелија. Настанот се одржа на плоштадот во Гевгелија со богата културно-уметничка програма и можност за дружење и едукација. Како резултат на успешната соработка со Клубот на млади при ОО Црвен Крст во Гевгелија, ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија доби донација од мебел, хигиенски средства и канцелариски материјали, кои ќе придонесат за подобро функционирање на социјалниот клуб.

Активностите за стекнување вештини за самостојно живеење се реализираат континуирано, како и друштвени игри кои придонесуваат за социјализација и дружење.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци

Активностите на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци непречено се реализираа во изминатиот период. Се реализираа низа креативни работилници по повод велигденските празници на кои се изработуваа различни украси и се вапцаа велигденски јајца. Продолжија да се реализираат и практичните активности. Се реализираа активности за одржување на личната хигиена, одржување на хигиена во просторот на социјалниот клуб, но и надвор во дворот. Исто така се реализираше и еднодневна посета до струмичкото село Ново Село. За време на посетата се посетија и селото Мокриево и Мокриевските водопади, Колешинските водопади и манастирот Св. Антониј.

## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА



Редовно продолжија да се реализираат и спортските активности во спортската сала на средното земјоделско-шумарско училиште „Ѓорче Петров“. Корисниците на социјалниот клуб, исто така, имаа можност да присуствуваат и на спортски натпревари на ГФК Тиквеш и РК Тиквеш.

Во месец мај се спроведоа и низа креативни работилници со кои се одбележаа значајни датуми во овој месец. Корисниците имаа можност да ги изразат своите уметнички способности и да направат интересни рачни изработки. Не беа изоставени ниту редовните практични активности. Корисниците на социјалниот клуб реализираа активности за одржување на лична хигиена, како и активности за одржување на хигиената во просториите на социјалниот клуб и дворното место.

Во текот на мај, дел од корисниците на социјалниот клуб зедоа учество на меѓународен турнир во Стара Пазова, Република Србија, заедно со спортскиот клуб „Карпошово“ на кој ги претставија своите спортски способности и натпреварувачки дух. Исто така, дел од корисниците имаа можност да учествуваат и на активности по повод одбележувањето на фудбалската недела организирана од Специјална Олимпијада.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА Во Струмица редовно ги реализираше програмските активности во изминатиов период. По повод 2-ри април, Меѓународниот ден за поддршка на лицата со аутизам, а во организација на етно ресторанот „Кај Виктор“ се реализираше креативна работилница на која покрај корисниците на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица, учествуваа и



членови на здружението „Говор на срцето“ и вработени и ученици од ОУРЦ „Св. Климент Охридски“.

Се реализираа и низа активностите за одбележување на велигденските празници и се спроведоа работилници за изработка на велигденски ракотворби и украси кои потоа беа изложени на Велигденскиот Базар што се одржа на 4-ти април на плоштадот во Струмица. На 5-ти април, по повод Лазарова сабота, корисниците и нивните родители беа во посета на селото Раборци. Заедно со членовите на здружението „Говор на срцето“ имаа можност да се дружат, да научат лазарски песни и да плетат венчиња од врба.

На 7-ми април, се реализираше креативна работилница во етно ресторанот „Кај Виктор“ на која корисниците на социјалниот клуб, заедно со останатите учесници вапцаа велигденски јајца. По повод 22-ри април, Денот на планетата Земја, се реализираше едукативна работилница на која се говореше за заштита на нашата планета, односно како да ја заштитуваат и чуваат природата.

Во текот на месец мај, покрај редовните активности, се реализираа и низа креативни работилници, како и прошетки низ градот и посети на институции и настани. На 12-ти мај корисниците на социјалниот клуб реализираа рекреативна прошетка низ градскиот парк, а дружбата ја продолжија во едно од кафулињата во градот.

На 26-ти мај, се реализираше едукативна посета на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица. Во текот на посетата, корисниците имаа можност да ги разгледаат поставките во Музејот, но и да слушнат за културното наследство на градот Струмица и околината. На последниот ден од месец мај, корисниците учествуваа на манифестацијата Вељушка црешијада 2026 во село Вељуса, каде има можност да ги претстават своите ракотворби.





ПОРАКА

ISSN 0350-5863

# Наша Страница

## Посета на СУГС „Браќа Миладиновци“ - Скопје

**Корисниците на двата дневни центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје продолжуваат со реализација на активности во рамки на воспоставените соработки со образовните институции во градот.**





**На почетокот на јуни беше реализирана посета на СУГС „Браќа Миладиновци“ – Скопје каде корисниците имаа можност да се запознаат со дел од практичните и едукативни содржини на училиштето. Во рамки на посетата ги разгледаа Зоолошката градина, Зачинската градина и Аква пониката, а заедно со домаќините засадија и неколку растенија во Зачинската градина. Воедно, можеа да слушнат и да се запознаат и со благодетите на природата, преку Еразмус+ програмата Green place - Healthy space.**





Република Северна Македонија

Министерство за социјална политика, демографија и млади